ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 29-160/7**

**Дата: 19.11.2012**

**ДО**
**ОПШТИНА КАРПОШ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Карпош за 2011 година.

Во текот на ревизијата беше разгледано спроведувањето на препораките дадени во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2008 година, во кој, за оваа сметка на Општината е изразено негативно мислење. Утврдено е дека дадената препорака во однос на бришење од сметководствената евиденција на земјиштето во сопственост на државата и вложувањата е спроведена, додека во однос на побарувањата и планирањето на буџетот на Општината состојбите не се променети.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2011 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.

Општина Карпош се одликува со ниско остварување на буџетот за 2011 година (39%), што, главно, произлегува од неостварени приходи од продажба на земјиште и надоместок за уредување на градежно земјиште.

Работите на утврдување и наплата на локалните даноци, надоместоци и комунални такси кои се приходи на градот Скопје и Општина Карпош, согласно Законот за Градот Скопје, ги врши даночната администрација на Градот Скопје. Имајќи предвид дека овие приходи претставуваат значителен дел од вкупните

приходи на Општината и влијаат на квалитетот и обемот на нејзините активности, Општина Карпош е активно вклучена во ажурирањето на даночната евиденција и доставувањето на даночните решенија, што придонесува во зголемувањето на овој вид приходи во 2011 година за 18% .

Во однос на утврдувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште, активностите на Општината се во делот на уредувањето на начинот на плаќање на надоместокот, додека во однос на висината на надоместокот која ја утврдува Градот, Општината нема учество.
За населените места Бардовци, Злокуќани и Горно Нерези, од 2010 година Општината пресметува надоместок за уредување на градежното земјиште.
Во 2011 година, општинската администрација е значително ангажирана околу утврдувањето на правниот статус на бесправно изградените објекти.

На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 10 и 11 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Карпош, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2011 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Карпош за 2008 година. Изразеното мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Карпош под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум и за усогласеноста со закони и прописи во извештајот е негативно.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Стевчо Јакимовски - градоначалник на Општина Карпош во 2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Карпош се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија, и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за

материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 04.06. до 22.06.2012 година, кај Општина Карпош на сметката на основен буџет (630) од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките.

Ревизијата од точката 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година. Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 29 -160/3 од 09.10.2012 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Општина Карпош во Буџетот за 2011 година има планирано приходи и расходи во износ од 1.017.819 илјади денари. Планираните приходи и расходи се

реализирани со 39%, односно остварувањето на приходите значително отстапува од проектираните износи.
Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот на општината му предлага на Советот измени и дополнувања на буџетот.
Значителното отстапување на остварените приходи во однос на планираните произлегува од приходите од надоместокот за уредување на градежното земјиште (остварени се со 37%), данок на промет на недвижности (остварување од 34%) и капиталните трансфери кои се остварени само со 15%. На овие три позиции во планираниот буџет отпаѓаат 83%, а во остварениот 71%. Отстапувањето во најголем дел се објаснува од задоцнетото добивање на ингеренции во вршење на работи за располагање со градежно земјиште, сопственост на Република Македонија и не трансфериран данок на додадена вредност за месец декември.
Со ребалансот на буџетот во 2011 година не е извршено усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните, што придонесува за нарушување на принципот на добро менаџерско управување.

**Препорака:**
Секторот за финансиски прашања:
- планирањето на буџетските приходи и расходи да го темели на реалните состојби и можности и податоците за остварувањата во претходните години;
- во текот на годината да го следи извршувањето на буџетот. Во случај на позначителни отстапувања, градоначалникот да му предложи на Советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс), а советот на Општината да донесе ребаланс на Буџетот.

4.1.2. Наплатените средства од надоместок за уредување на градежно земјиште и трансферираните средства од Агенцијата за државни патишта во вкупен износ од 213.247 илјади денари, се поголеми за 2.833 илјади денари од расходите содржани во програмата за уредување на градежното земјиште вклучувајќи ги и трошоците за реконструкција на училишта и детски градинки (расходите за реконструкција на училиштата и градинките не се содржани во Програмата, меѓутоа претставуваат капитални расходи) . Ова значи дека средствата од наплатениот надоместок за уредување на градежно земјиште во износ од 2,833 илјади денари, не се искористени во согласност со членот 85 од Законот за градежно земјиште каде е уредено дека овие средства се користат за реализирање на Програмата за уредување на градежното земјиште и членот 20 од Закон за постапување со бесправно изградени објекти според кој средствата од легализација на објектите се наменети за изработка на Планска документација и инфраструктурно уредување.

Ова претставува прелевање на капитални приходи во тековни расходи што не е во согласност со законската регулатива и значи ненаменско трошење на средствата од буџетот на Општина Карпош.

**Препорака:**
Трошењето на наменските средства да се врши во согласност со законската регулатива, да се следи соодносот помеѓу приходите и расходите по овој основ за да не се дозволи прелевање од капитални приходи во тековни трошоци.

**4.2. Финансиски извештаи**

4.2.1. Во сметководствената евиденција на Општина Карпош се искажани побарувања во износ од 4.898 илјади денари кои потекнуваат од 2007, 2008 и 2009 година, по основ на комунална такса за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност и користење на спортски сали во училиштата, како и од 2010 и 2011 за закупнини. Во исто време е искажана и преплата на побарувања во износ од 1.050 илјади денари.
За побарувањата кои потекнуваат од минатите години не се преземени мерки за наплата. Во текот на ревизијата се преземени мерки за наплата на побарувањата за закупнини (во два случаи, за износ од 1.784 илјади денари, од кое за едното е поведено судска постапка, а во другиот случај е извршено плаќање).
Постоењето на застарени салда во сметководствената евиденција чија наплата е ризична влијае на реалноста на искажаните побарувања, а со тоа и на Билансот на состојбата.
За побарувањата од минатите години во износ од 4.898 илјади денари не е извршен попис во согласност со членот 31-в од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно не е утврдена правната основа за нивното постоење и старосната структура.

**Препорака:**
- Секторот за финансиски прашања да ги преиспита салдата од изминатите години, да иницира поведување судски постапки за наплата, а за застарените побарувања да иницира донесување Одлука од Советот за отпис.
- При вршењето на попис, пописната комисија, врз основа на утврдената старосна структура на побарувањето да предлага преземање на мерки.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, освен за наведеното во точка 4.2.1. , финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Карпош на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за наведеното во точка 4.1. и 4.2. финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Карпош, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања

Во текот на ревизијата се прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот во Билансот на состојбата по основ на намалување на побарувањата за 1.750 илјади денари, со истовремено намалување на пасивните временски разграничивања.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност

6.1. Ревизијата смета дека треба да го обелодени следното:

- согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа помеѓу приходите за финансирање на единиците на локална самоуправа е и приходот од данокот на додадена вредност. Приходите од данокот на додадена вредност се дотација за финансирање на надлежностите на општините. Во 2011 година приходите од данокот на додадена вредност се обезбедуваат во висина од 3,7% од вкупно наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година. Трансферот на приходите од данокот на додадена вредност до буџетите на општините се врши во најмалку 12 рати кои се трансферираат најдоцна до последниот работен ден во месецот, освен последната рата која се трансферира најдоцна до 15 декември во тековната буџетска година. Во текот на 2011 година на сметките на општините се трансферирани само 11 рати. На овој

начин општината има добиено помалку приходи по основ на данок на додадена вредност, што има влијание врз нејзините активности.

Приходите по основ на данок на додадена вредност се утврдени во помал износ и поради погрешно утврдена основа на која се применува стапката од која се издвојува дел за општините. Ова е утврдено во ревизорскиот извештај за извршената ревизија на Основниот буџет на Република Македонија во точката 4.6. .

– Поради не навремено спроведена измена во постоечкиот модул за распределба на средствата наплатени од надоместоци за вршење на детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини во Трезорскиот информационен систем (за општините на подрајчето на Град Скопје, изменета е извршена на 10.02.2011 година иако измената на законот е од 2010 година), помалку се распределени и префрлени средства во корист на сметките на општините на подрајчето на Град Скопје (точка 4.5.3. од Извештајот за извршена ревизија на Основен буџет на Република Македонија).

6.2. Обрнуваме внимание дека Општина Карпош е тужена страна од 13 субјекти и тоа:

- од шест физички лица за надомест на штета или изгубена добивка, со утврден долг во износ од 3.654 илјади денари, и
- од седум правни лица за долг во износ од 40.776 илјади денари, од кои 25.086 илјади денари се по основ на побарување за платен надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на спортска сала.

Во моментот конечниот исход по ова прашање не може да се утврди и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје, 14.11. 2012 година

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________ ______________________

*2.* ____________________

ОПШТИНА КАРПОШ
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 340.769 | 384.042 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 14.378 | 12.777 |
| Капитални приходи | 3.3. | 25.632 | 70.425 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 20.962 | 18.166 |
| **Вкупно приходи** | | **401.741** | **485.410** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 53.815 | 55.680 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 2.632 | 2.998 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 124.161 | 144.986 |
| Каматни плаќања | 3.5.4. | 1.038 | 1.362 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 24.151 | 24.499 |
| Социјални бенефиции | 3.5.6. | 5.844 | 7.162 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **211.641** | **236.687** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 178.718 | 238.203 |
| **Отплата на главница** | 3.7. | **6.116** | **3.992** |
| **Вкупно расходи** | | **396.475** | **478.882** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **5.266** | **6.528** |

ОПШТИНА КАРПОШ
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 5.266 | 6.528 |
| Побарувања | 4.1.2. | 134.425 | 123.015 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 429 | 153 |
| **Вкупно тековни средства** | | **140.120** | **129.696** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **140.120** | **129.696** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по примени аванси | 4.2.1. | 3.465 | 4.180 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.2.2. | 429 | 153 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.3. | 136.226 | 125.363 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **140.120** | **129.696** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **140.120** | **129.696** |